Macedonian

Australian Government
Department of Health and Aged Care

medicare

# Medicare нуди многу повеќе



## Повеќе информации

**За да дознаете повеќе како Medicare може да ви помогне, посетете ја веб-страницата medicare.gov.au/stronger**

Скенирајте за да дознаете повеќе

Medicare е австралискиот систем за здравствена заштита со кој на сите Австралијци им се овозможува пристап до широк спектар на здравствени услуги по ниска цена или бесплатно.

Medicare се зајакнува за да се осигура дека Австралијците имаат подобар пристап до услуги за здравствена заштита, итна нега и ментално здравје по пристапна цена.

## Со Medicare можете да имате корист од:

- бесплатни или поевтини услуги од доктори и други здравствени работници
- бесплатна или поевтина нега во врска со менталното здравје
- бесплатна, итна нега преку растечката мрежа на клиники за итна помош на Medicare (Medicare Urgent Care Clinics)
- делумен или целосен надомест на трошоците за основни стоматолошки услуги за деца кои ги исполнуваат условите според Програмата за стоматолошки бенефиции за деца (Child Dental Benefits Schedule).



## Како да извлечете максимална корист од Medicare

### Користете нега тогаш и таму каде што ви е потребна:

- **Закажани термини со доктор по општа пракса (GP), специјалист и преку телефон (telehealth):** проверете дали вашиот давател на услуги може директно да ги наплаќа услугите од Medicare (bulk billing). Ако не, ќе треба да ја платите сметката и после тоа да поднесете барање за надомест до Medicare. Исто така, можете да се распрашате дали вашиот доктор по општа пракса или специјалист нуди телефонски или видео консултации за ваша погодност, доколку ги исполнувате условите за тоа.
- **Посетете клиники за итна помош на Medicare:** користете бесплатна итна нега за повреди или болести кои не се опасни по живот, без потреба од закажување на термин.

### Користете поддршка за вашата благосостојба:

- **Посетете центри за ментално здравје на Medicare (Medicare Mental Health Centres):** достапна е бесплатна поддршка, без закажување, за ментално здравје и благосостојба низ цела Австралија. Нема потреба од закажување на термин или упат. За да користите поддршка, нема потреба да сте австралиски државјанин, да сте заведени во Medicare или да имате Medicare картичка.

### Користете помош за стоматолошки услуги за деца:

- Децата кои ги исполнуваат условите можат да ја користат Програмата за стоматолошки бенефиции за деца за делумен или целосен надомест на трошоците за основни стоматолошки услуги.

